ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-249/1**

**Дата: 18.02.2014**

**ДО**
**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА - НА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија имаше обврска да изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на Политичката партија Нова Алтернатива – НА (во натамошниот текст НА) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи за усогласеност со закони и прописи на Политичката партија НА за годината која и претходи на годината која е предмет на ревизија.

Со ревизијата се утврди дека законскиот застапник на Политичката партија НА не ги обезбеди и не ги презентираше во целина бараните финансиски документи, целокупната финансиска евиденција односно деловните книги и потребните правни акти за потребите на ревизијата, со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

Поради претходно наведеното ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Политичката партија НА за 2012 година и негативно мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НА се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1028/4 од 23.12.2013 година.

*Ревизорски тим:* *Овластендржавенревизор*

## 1. Вовед

1.1. Државниот завод за ревизија имаше обврска да изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење за 2012 година на Политичката партија Нова Алтернатива – НА.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај требаше да се изврши согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Политичката партија НА за годината која и претходи на годината која е предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството/законскиот застапник на партијата застапувано од:

- Проф. Др. Ѓорѓи Оровчанец, претседател на Политичката партија НА.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на политичката партија НА се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Законскиот застапник не ги достави сите финасиски и други документи вклучувајки ги и деловните книги за 2012 година, со што изврши играничување на делокругот на ревизијата.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои требаше да бидат предмет на овој извештај, требаше да бидат засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Законскиот застапник на Политичката партија НА не ги обезбеди и не ги презентираше во целина бараните финансиски документи, детално наведени во прилог од овој извештај, со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

Ревизијата од точка 1.1. погоре беше планирана за периодот од 24.09.2013 до 27.09.2013 и да се изврши од тим на Државниот завод за ревизија.

По барање на законскиот застапник на партијата, периодот на вршење на ревизијата беше пролонгиран и продолжуван во насока на обезбедување на потребната документација

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставник од Политичката партија Нова Алтернатива – предмет на ревизија, одржан на ден 08.11.2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1028/4 од 23.12.2013 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Државниот завод за ревизија со писмо за најава за почеток на ревизија број 14-1028/1 од 13.09.2013 година направи обид да го извести законскиот застапник на Политичката партија НА дека е вклучен во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година (финансиска ревизија/ревизија на финансиските извештаи за 2012 година)

Со цел да се обезбеди навремено и непречено оптпочнување на ревизијата, ревизорскиот тим превзема дополнителни мерки за контактирање со овластените лица на партијата, поради што на ден 23.09.2013 година е одржан првичен состанок со законскиот застапник на партијата. На состанокот покрај другото, врачено е писмото за најава за почеток на ревизијата број 14-1028/1 од 13.09.2013, барањето на потребните документи број 14-1028/2 од 16.09.2013 година и примерок од записникот од одржаниот состанок.

И покрај дадените насоки од страна на ревизијата за обезбедување на потребните документи за непречено извршување на ревизијата на финансиските извештаи, законскиот застапник не ги достави сите финансиски и други документи (детално наведени во Прилог 1 кон овој извештај) вклучувајќи ги и деловните книги за 2012 година, со што е извршено ограничување на делокругот на ревизијата.

Со извршената ревизија и направените дополнителни анализи на податоците содржани во изводите од носителот на платниот промет, каде партијата има трансакциска сметка, утврдено е дека вкупните парични средства со кои располага партијата на крајот од известувачкиот период изнесуваат 1.211 илјади денари. Исто така во известувачкиот период остварени се вкупни приходи во износ од 636 илјади денари и реализирани вкупни расходи во износ од 34 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со Законот за сметководството за непрофитните организации и Законот за државната ревизија, поради што

ревизијата не беше во можност да обезбеди достатен соодветен ревизорски доказ дека субјектот предмет на ревизија ги води пропишаните соодветни сметководствени евиденции, кое влијаеше на можноста да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење односно предизвика ревизијата да се воздржи од давање мислење за финансиските извештаи.

3.1.2. Со одредбите на член 23 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека политичките партии го водат сметководството според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации, а во исто време со наведените закони утврдени се и роковите на изготвување и доставување на финансиските извештаи до надлежните органи. Со одредбите од член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка, политичката партија е должна да ја достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со ревизијата констатитаравме дека Годишната сметка за 2012 година на Политичката партија НА, не беше доставена до Државниот завод за ревизија и Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и во исто време на ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишната сметка е објавена согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни.
На ден 18.10.2013 година, Годишната сметка на Политичката партија НА за 2012 година е доставена до Државниот завод за ревизија и Централниот регистар на Република Македонија.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да го задолжи лицето одговорно за водење на деловните книги да врши редовно и ажурно водење на деловните книги, и по завршување на известувачкиот период да пристапи кон изготвување на финансиските извештаи.

Законскиот застапник на партијата да обезбеди навремено доставување на финансиските извештаи до надлежните органи и во исто време истите да ги објави на веб страната на партијата согласно утврдените барања

3.1.3. Со одредбите на член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е уредена обврската за изготвување и доставување на Годишниот финансиски извештај до надлежните органи како и негово објавување на веб страната на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен и доставен до Државниот завод за ревизија и дека е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите кои ги дава истиот од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на

правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки за изготвување и навремена достава на Годишниот финансиски извештај како и негово објавување на веб страницата на партијата согласно утврдените барања.

**3.2. Финансиски извештаи**
**Биланс на приходи и расходи**

3.2.1. Согласно член 8 од Законот за политичките партии, политичките партии се организираат на територијален принцип. Според член 10 од презентираниот статут, Политичката партија НА се организиира врз територијална основа и територијално организирање преку основање на општински клубови, месни клубови, клубови на изборни места и Градски клуб - Скопје. На ревизијата не и се презентирани деловните книги, имотни листови и податоци за извршен попис на основните средства за да се утврди дали партијата поседува градежни објекти во своја сопственост, ниту се презентирани акти за уредување на меѓусебни права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор во кој се сместени клубовите што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Наведената состојба ја оневозможува постапката на потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на примената донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежните органи на политичката партија на НА да донесат одлуки за бројот, седиштето на клубовите и начинот на користење на деловните објекти во кои истите се сместени, согласно актите на партијата.

Законскиот застапник на партијата или овластено лице од надлежните органи да пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловните простори ако партијата користи деловен простор со надомест или на примената донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештај**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2., ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Политичката партија Нова Алтернатива на ден 31 декември 2012.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Политичка партија Нова Алтернатива, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.